# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# БРАТСТВО ЕДИНСТВО - ОХРИД

**за период од 2025 до 2029 година**





ЈУЛИ, 2025г.

# Преамбула

Врз основа на ***Законот за основно образование***, (Службен весник на РСМ, 161/2019, 229/20 и 3/2025) година, односно:

Член 49

*(1) Основното училиште изготвува **Развојна програма** за работа.*

*(2) Со **Развојната програма** се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.*

А врз основа на ***Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште,*** Бр.08-3714/3 од 29.5.2024 година донесен од министерот за образование и наука, односно:

Член 1

*Со овој правилник се утврдува формата и содржината на **Развојната** и годишната програма заработа на основното училиште.*

Член 2

***Развојната програма** за работа на основното училиште е документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритететните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следењето и евалуацијата на Развојната програма за работа на основното училиште во периодот од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.*

Член 12

*Усвоената Развојна програма за работа на основното училиште може да се изменува и дополнува во текот на нејзината имплементација.*

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Братство Единство“ |
| Адреса | ул. 7- Ми Ноември бр,85 - Централна зграда Охрид<br>ул. Стив Наумов бр.18 - Зграда Лескајца Охрид |
| Телефон, е-пошта | 046 267 158 046 270 037<br>bratstvoe@yahoo.com, ou-bratstvoedinstvo-ohrid@schools.mk |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | 2025-2029 г. |
| Број на ученици во училиштето | 779 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Џемал Мехмед |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Весна Камнарова |
| Потпис | |
| Датум | |

**Содржина**

1. **Податоци за основното училиште**
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Братство Единство“ |
| Адреса | ул. 7- Ми Ноември бр,85 - Централна зграда Охрид<br>ул. Стив Наумов бр.18 - Зграда Лескајца Охрид |
| Телефон | 046 267 158 , 046 270 037 |
| Место, општина | Охрид |
| Веб-страница | https://ooubratstvoedinstvoohrid.edu.mk/ |
| Е-пошта | bratstvoe@yahoo.com<br>ou-bratstvoedinstvo-ohrid@schools.mk |
| Ден на училиштето | 25 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2953 Централна зграда , 2713 Зграда Лескајца , 455 Барака |
| Училишен двор (m2) | 2800 Централна зграда , 3200 Зграда Лескајца |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 1800 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 779 |
| Број на паралелки | 63 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски , албански и турски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | / |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Основното училиште Братство Единство - Охрид со постоење со повеќе од седум децении уште од далечната 1950 г е единствено мултиетничко училиште во општината во кое наставата се одвива на три наставни јазици, македонски, албански и турски.

Училиштето е основано од Секретаријат за вонстопански дејности на Собрание на општина Охрид со Верификација-број на актот 04-3266/3. Истото  се наоѓа во централното градско подрачје и го сочинуваат две училишни згради оддалечени 1.5 км и една барака.. Централната зграда и бараката се наоѓаат на ул. 7- Ми Ноември бр,85, додека Зграда Лескајца се наоѓа на ул. Стив Наумов бр.18. Во Централната зграда наставата се одвива на македонски и турски наставен јазик, додека во Зграда Лескајца наставата се одвива на македонски и албански наставен јазик.

Во изминатите години на работа на училиштето се направени одредени реновирања на училишните згради. Повеќето зацртани цели од минатата развојна програма се реализирани. Во континуитет се настојува да се подобрат материјално техничките услови за работа во училиштето. Во однос на компјутерската опрема постојано се врши следење на нејзината исправност и потребно санирање додека според барањата на стручните активи се врши збогатување со нагледни средства за извршување на воспитно образовната работа според можностите на училиштето.

Училишттео е вклучено во низа проекти кои континуирано продолжуваат со работа како: Примена на активности  од ПМИО, Еко проект, Примена на активности од Проектот Е-пристапно образование за ученици со ПОП, Безбедни училишта, Примена на активности од Вештини за адолесценцијата, Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, Ресурсен пакет за ученичко учество и заштита на детските права, Училиште на 21 век, Отворен ден по граѓанско образование, Фузија на идеи, Редовно на часови-проект за вклучување на ромите во образовниот систем како и Проект- E-twining со заеднички проектни активности со партнерски училишта од Турција.

Континуирано се аплицира и се добиваат грантови и материјали од страна на Macedonia Schools Project, „Градиме нови мостови“, како и грантови за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните училишта од страна на МОН.

Голем број на ученици од училиштето под менторство на наставниците по македонски, математика, англиски, германски, историја, географија, информатика, хемија, физика, биологија, ликовно образование, музичко образование , физичко и здраствено образование шах и одделенски наставници, учествува на бројни општински, регионални, државни, меѓународни натпревари на кои освоија многу признанија, први, втори, трети места и бројни награди.

1. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на условите за работа на училиштето | 1.1 Преуредување на просторот на училишната менза во безбеден простор за одржување на часовите по физичко и здравствено образование во одделенска настава | да | | | |
| | 1.2 Преуредување на простор во училиштето за реализирање на продолжен престој на македонски и турски наставен јазик | да | | | |
| | 1.3 Санирање на проблем со водите во З.Лескајца | да | | | |
| | 1,4 Уредување на електричната инсталација во З.Лескајца | да | | | |
| | 1,5 Изградба на спортско игралиште во Централна зграда | | | нереализирано | Се чека одобрување на финансиска рамка од Општина |
| | 1.6 Реконструкција на спортски сали во двете училишни згради | | делумно | | во З.Лескајца ќе се реконструира салата како дел од проектот за енергетска ефикасност кој е во тек |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| | 2.1 Усовршување на наставниот кадар за примена на современи | да | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стручно усовршување на наставниот кадар за подигнување на квалитетот на наставата | форми на ИКТ во натсавата и учење на далечина | | | | |
| | 2,2 Усовршување на наставниот кадар со акцент на подрачјата Поучување и учење и Создавање стимулативна средина за учење | да | | | |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Унапредување на наставата и подобрување на условите за образование за одржлив развој и едукација за климатски промени | 3,1 Формирање на училишна градина за едукација за одржливо производство на храна во З.Лескајца | да | | | |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Обезбедување современи образовни ресурси за поддршка на наставата преку проекти | 4,1 Проект - Градиме нови мостови | да | | | |
| | 4,2 Изградба на детски забавен парк во Централна зграда | да | | | |
| | 4,3 Macedonian School Project | да | | | |
| | 4.4 Проект-активности кои пригонесуваат за развој на мултикултурализмот | да | | | |
| Стратешка цел 5 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Подобрување на хигиенските стандарди во училишната средина | 5.1 Реконструкција на ученичките и наставничките санитарните јазли во Централна зграда | да | | | |
| | 5.2 Реконструкција на ученичките санитарните јазли во училишната зграда во Лескајца | да | | | |

| Стратешка цел 6 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Создавање безбедно и поддржувачко училишно опкружување | 6,1 Инсталирање и одржување на современи безбедносни системи во училиштето. | да | | | |
| | 6,2 Поставување на метална врата со електронски систем за отварање во Задниот двор на Централна зграда | да | | | |

## 2. Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа)

**SWOT-анализа**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| - **Инклузивна поддршка:** Обезбедена индивидуална поддршка и изготвување ИОП за ученици со ПОП; соработка со образовни асистенти.<br>- **Меѓуетничка интеграција:** Реализација на мултиетнички проекти и активности.<br>- **Информирање и транспарентност:** Редовно информирање на ученици и родители за постигнатиот успех и нивниот напредокот.<br>- **Училишна клима:** Позитивна, безбедна и инклузивна атмосфера; ангажман во здравствени и социјални прашања.<br>- **Раководство:** Јасна визија и транспарентно управување; активен училишен одбор.<br>- **Професионален развој:** Континуирани обуки, вклучување во проекти и активности за подобрување на наставата. | - **Недоволна функционална примена на ресурси:** Наставниците ретко користат современи методи и алатки на функционален начин.<br>- **Недефинирани критериуми за оценување:** Не се усогласени со националните стандарди.<br>- **Недоволна мотивација и критичко размислување кај учениците:** Учениците не се доволно поттикнати на активно размислување.<br>- **Недоволна вклученост во планирањето на воннаставни активности:** Учениците не учествуваат доволно, ниту се навремено информирани.<br>- **Недостаток на библиотекар во Централната зграда:** Оптовареност на наставниците со библиотечна работа.<br>- **Нема систем за работа со надарени ученици:** Недостаток на идентификација и соодветна поддршка.<br>- **Недоволна вклученост на родителите во работата на училиштето:** дополнително |

| | |
|---|---|
| | унапредување на механизмите за активно учество на родителите во училишниот живот.<br>- **Хигиена и безбедност:** Потреба од подобрување на хигиената и безбедносните инсталации (громобран, итн.). |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
| - **Финансирање преку проекти и донации:** Вклучување во локални и меѓународни проекти за набавка на ресурси (сензорна соба, дигитални алатки).<br>- **Соработка со институции:** Локална самоуправа, МТСП, НВО за поддршка на ученици и семејства.<br>- **Применливост на дигитални алатки и AI:** Обуки за наставници за иновативна примена на дигитални алатки и вештачка интелигенција во наставата.<br>- **Професионално усовршување:** Можности преку БРО и други тела за стручна надградба, особено во инклузивно образование.<br>- **Мултиетнички карактер на училиштето:** Потенцијал за развој на интеркултурно образование и соживот во училиштето. | - **Ниска мотивираност кај дел од наставниците:** Ризик од стагнација во развојот и примена на иновации.<br>- **Недоволна соработка меѓу институции:** Ограничена поддршка за ученици во ризик.<br>- **Финансиски ограничувања:** Недоволен буџет за модернизација и подобрување на инфраструктурата.<br>- **Можни безбедносни ризици:** Недостиг на документација и безбедносна опрема.<br>- **Потенцијален отпор кон промени:** Од дел од вработените или родителите, особено во насока на нови методи, концепции и пристапи.<br>- **Осипување на ученици:** намалување на бројот на ученици поради намален наталитет, миграција, непочитување на реонизација |

## 3. Мисија и визија на основното училиште

### Мисија

Нашата **мисија** е да создадеме безбедна, поддржувачка и стимулативна средина во која секој ученик ќе биде поттикнат да го развие својот целосен потенцијал. Веруваме во рамноправност, меѓусебна почит, отворена соработка со родителите и заедницата, и континуиран професионален развој на наставниот кадар. Нудиме современи наставни практики, повеќе јазично и мултикултурно образование и вредности што ги подготвуваат учениците за живот исполнет со знаење, одговорност и хуманост.

### Визија

Нашата **визија** е да бидеме современо, мултиетничко училиште во кое сите ученици учат со радост, се чувствуваат вреднувани и поддржани, и се подготвуваат да станат активни, одговорни и хумани граѓани. Стремиме кон училиште кое постојано се унапредува преку иновации, партнерства и развој на етички, дигитални и интеркултурни компетенции, создавајќи средина што инспирира успех, соработка и соживот

## 4. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| – Примена на современи методи и расположливи ресурси на час, со цел постигнување знаења кај учениците на функционален начин.<br>– Дефинирање критериуми за оценување на учениците за различни предмети, согласно Националните стандарди зададени во Новата концепција на основното образование. | - Современите методи им овозможуваат на учениците активно вклучување во процесот на учење. Тоа води кон подобро разбирање, критичко мислење и поврзување на знаењата со реалниот живот.<br><br>- Користењето на расположливите ресурси (дигитални алатки, лабораториска опрема, наставни помагала, литература) го прави наставниот процес подинамичен и поконкретен, особено за визуелни и практични активности.<br><br>- Дефинирањето критериуми за оценување е основа за праведно, мотивирачко и насочено учење, кое е клучно за имплементација на современото образование. |
| – Продолжување на активностите за превенција на насилство, вклучувајќи редовни работилници и едукација во училиштето, како и зајакнување | -Со цел создавање безбедна и поддржувачка средина за учениците, наставниот кадар и останатиот персонал, неопходно е да се продолжи со активностите за превенција на насилство и развој на менталното здравје кое ќе се реализира преку редовни едукативни работилници за учениците, родителите и наставниците со цел развивање на емпатија, ненасилна |

| | |
|---|---|
| на заштитните механизми за жртвите на насилство<br>– Инвестирање во подобрување<br>на безбедносните мерки | комуникација и вештини за справување со конфликти. Дополнително, ќе се зајакнат механизмите за поддршка на потенцијални и тековни жртви на насилство, преку вклучување на стручни служби, тим за подршка и соработка со релевантни институции.<br><br>-Преку оваа интервенција се очекува подобрување на севкупната клима во училиштето, зголемување на чувството на сигурност кај учениците и персоналот, како и намалување на случаите на насилство. Обезбедувањето претставува клучен елемент во изградбата на здраво и поддржувачко образовно опкружување |
| - Подобрувањето на инфраструктурата и физичките услови во училиштето со цел создавање поповолна, продуктивна  и безбедна средина за сите | - Подобрувањето на инфраструктурата и физичките услови во училиштето е фундаментален приоритет неопходен за да се создаде поповолна, продуктивна и безбедна средина за сите – ученици, наставници и целиот училишен персонал. Истото ќе придонесе до безбедност и здравје, подобрено учење и настава, мотивација и задоволство, инклузија и еднакви можности, како и јакнење на угледот на училиштето |
| Училиштето да воведува активни механизми преку Совет на родители за нивна активна вклученост во работатата на училиптето<br><br>- Вклучување на ученциите во планирањето на активностите и донесувањето одлуки во училиштето<br><br>- Активна соработка со невладин и бизнис сектор за вклучување во проекти кои би обезбедиле осовременување на наставата | - Вклучувањето на родителите преку активни механизми, како што е Советот на родители, е клучно за подобрување на комуникацијата и соработката меѓу училиштето и семејствата. Советот на родители овозможува родителите да бидат информирани за работата на училиштето, да даваат предлози, да учествуваат во донесувањето одлуки и да придонесат со свои идеи и ресурси. Ова води кон поголема транспарентност, заедничка одговорност за воспитно-образовниот процес и креирање на попозитивна училишна средина.<br><br>- Вклучувањето на учениците во планирањето на активностите и донесувањето одлуки во училиштето е суштинско за развој на нивната граѓанска свест, одговорност и активно учество. Кога учениците имаат можност да го кажат своето мислење и да влијаат на настаните во училиштето, тие се чувствуваат повеќе ценети и мотивирани. Ова исто така ги развива нивните вештини за критичко размислување, решавање проблеми и тимска работа, што е од големо значење за нивниот личен и академски развој.<br><br>- Активната соработка со невладиниот и бизнис секторот е важна за осовременување на наставата и збогатување на училишната понуда. Преку заеднички проекти, училиштето може да обезбеди нови ресурси, опрема и експертиза кои не се секогаш достапни преку буџетски средства. Оваа соработка може да донесе практични искуства за учениците, менторство, можности за стажирање и пристап до најновите технологии, со што се подобрува квалитетот на образованието и се подготвуваат учениците за барањата на пазарот на трудот. |

# 5. Дефинирани стратешки и развојни цели

**Од приоритети кон стратешки цели** (се наведува приоритетот или групата приоритети за кои се дефинира стратешката цел)

| **Приоритет/и** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| – Примена на современи методи и расположливи ресурси на час, со цел постигнување знаења кај учениците на функционален начин.<br>– Дефинирање критериуми за оценување на учениците за различни предмети, согласно Националните стандарди зададени во Новата концепција на основното образование. | Подобрување на квилитетот на наставата и учењето на учениците. |
| – Продолжување на активностите за превенција на насилство, вклучувајќи редовни работилници и едукација во училиштето, како и зајакнување на заштитните механизми за жртвите на насилство<br>– Инвестирање во подобрување на безбедносните мерки | Создавање безбедно и поддржувачко училишно опкружување |
| - Подобрувањето на инфраструктурата и физичките услови во училиштето со цел создавање поповолна, продуктивна и безбедна средина за наставниците, административниот персонал и учениците. | Подобрување на условите за работа во училиштето |
| - Училиштето да воведува активни механизми преку Совет на родители за нивна активна вклученост во работатата на училиптето<br><br>- Вклучување на ученциите во планирањето на активностите и донесувањето одлуки во училиштето | Да се обезбеди целосен партнерски однос и отворена соработка со сите чинители во училиштето и надвор од него |

| | |
|---|---|
| - Активна соработка со невладин и бизнис сектор за вклучување во проекти кои би обезбедиле осовременување на наставата | |

**Од стратешки цели кон развојни цели** (за секоја стратешка цел се дефинираат 2-3 развојни цели)

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Подобрување на квилитетот на наставата и учењето на учениците. | 1.1 Преку работа во стручни активи наставниците да реализираат работилници за користење на расположливите ресури за час до постигнување на функционални знаења. |
| | 1.2 Јакнење на капацитетите на наставниците преку интерни обуки за современи наставни приоди и дигитални алатки со вештачка интелигенција |
| | 1.3 Подобрување на процесот на оценување преку дефинирање и усогласување на критериуми за оценување во рамки на стручните активи и заедниците за учење |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели |
| Создавање безбедно и поддржувачко училишно опкружување | 2.1 Спроведување на редовни едукативни работилници за ученици, наставници и родители за спречување и справување со насилство и развој на менталното здравје |
| | 2.2 Развивање и примена на јасни протоколи за постапување при насилство или ризични ситуации |
| | 2.3 Инвестирање во подобрување на безбедносните мерки во училиштето |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели |
| Подобрување на условите за работа во училиштето | 3.1 Изградба на спортско игралиште во Централна зграда |
| | 3.2 Зголемена енергетска ефикасност во училишната зграда во Лескајца |
| | 3.3 Зголемена енергетска ефикасност во Централна училишна зграда |
| | 3.4 Реконструкција на наставничка канцеларија во Централна зграда |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели |

| | |
|---|---|
| Да се обезбеди целосен партнерски однос и отворена соработка со сите чинители во училиштето и надвор од него | 4.1 Активирање и редовно функционирање на Советот на родители како канал за двонасочна комуникација и вклученост во училиштето. |
| | 4.2 Поттикнување на ученичко учество преку ученички парламент, вклучување во донесување одлуки и организирање на училишни иницијативи. |
| | 4.3 Активна соработка со невладин и бизнис сектор за вклучување во проекти кои би обезбедиле осовременување на наставата |

## 6. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1**. **Подобрување на квилитетот на наставата и учењето на учениците** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1 Преку работа во стручни активи наставниците да реализираат работилници за користење на расположливите ресури за час до постигнување на функционални знаења.** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Организирање интерни работилници во рамки на стручните активи за споделување ресурси и добри практики | Спроведени најмалку 3 работилници во учебната година; Примена на барем еден нов ресурс на час | Претседатели на стручни активи, наставници | Октомври 2025 – мај 2026 | Расположливи наставни ресурси, простор, опрема за презентации | Педагошка служба | Евиденција од состаноци, фотографии, наставни материјал |
| Размена на наставни материјали меѓу наставниците преку заеднички онлајн простор | Поголем дел од наставниците споделиле материјал и/или користеле материјал од колега | Наставници, ИКТ | Ноември 2025 – јуни 2026 | Google Drive | Тим од наставници за дигитална поддршка | Онлајн база со материјали, список на наставници, фидбек од наставници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење и самоевалуација на час со примена на ресурси | Секој наставник има спроведено барем едно набљудување и самоевалуација | Наставници, координатори, заменик директор | Јануари – мај 2026 | Формулари за евалуација, време, координација | Педагошко-психолошка служба | Извештаи од следење на час, евалуациски листи |
| **Развојна цел 1.2 Јакнење на капацитетите на наставниците преку интерни обуки за современи наставни приоди и дигитални алатки со вештачка интелигенција** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Организирање на интерни обуки за современи приоди (истражувачко учење, проблемски задачи, учење преку игра и сл.) | Спроведени најмалку 2 обуки годишно; евалуација од учесниците | Тим за професионален развој, наставници-обучувачи | Октомври 2025 – мај 2026 | Простор, материјали, техничка опрема | Педагошко-психолошка служба, директор | Анкети, извештаи од обуките, фотографии, списоци за присуство |
| Практична примена на наученото преку отворени часови | Секој наставник има реализирано најмалку една активност во текот на годината | Наставници, претседатели на стручни активи | Јануари – јуни 2026 | Време, материјали, ИКТ алатки | Тим за внатрешна евалуација | Записници, фотографии повратни информации |
| Воведување на вештачка интелигенција (AI) во наставата преку конкретни алатки (на пр. ChatGPT, Canva AI, MagicSchool) | 60% од наставниците користеле барем една AI алатка на час | Наставници, ИКТ координатор | Ноември 2025 – јуни 2026 | Интернет, компјутери, онлајн водичи за користење | Тим за дигитална поддршка | Наставни материјали, самоевалуации |

| **Развојна цел 1.3 Подобрување на процесот на оценување преку дефинирање и усогласување на критериуми за оценување во рамки на стручните активи и заедниците за учење** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Организирање состаноци на стручните активи за утврдување на критериуми за оценување по предмети | Секој стручен актив има дефинирани критериуми; Документирано во записници | Претседатели на стручни активи, наставници | Октомври – декември 2025 | Водичи за оценување, Национални стандарди, обрасци | Стручна служба | Записници, усвоени документи |
| Применување на договорените критериуми во практично оценување на учениците | Критериумите се користат кај 80% од наставниците во нивните предмети | Наставници | Април – јуни 2026 | Печатени формулари, електронски шаблони | Тим за самоевалуација | Примери од тестови, анализи на оценките, повратна информација од ученици |

| **Стратешка цел 2**. Создавање безбедно и поддржувачко училишно опкружување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1** Спроведување на редовни едукативни работилници | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Организација на месечни работилници за ученици | Број на одржани работилници (најмалку 1 месечно) | наставници | Септември 2025 – Јуни 2026 | Едукативен материјал, простор, соработка со НВО | Стручен тим (психолог, педагог) | zаписници, анкетни листови, присутност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работилници за родители и наставници | Број на вклучени родители (над 60%) | Наставнициc стручна служба | Квартално | Печатен и дигитален материјал | Тим за соработка со родители | Извештаи, повратни анкети |
| Кампања „Училиште без насилство“ | Видливост на кампањата (постери, онлајн објави) | Ученички парламент, педагог | Октомври 2025 – Мај 2026 | Плакати, социјални мрежи | Наставничк и совет | Фото-документац ија, извештаи |
| **Развојна цел 2.2** Развивање и примена на протоколи за итно постапување | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализато ри** | **Временск а рамка за имплемен тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализациј а на активности те** | **Инструмен ти/извори на информац ии за следење на индикатор ите** |
| Изработка и усвојување на протокол за итно постапување | Официјално усвоен протокол од училиштето | Директор, педагог, правник | Септември – Октомври 2025 | Консултации, печатен материјал | Училишен тим за безбедност, заштита и спасување | Протоколи, извештаи од состаноци |
| Симулирани вежби за евакуација и итни ситуации | Спроведена најмалку една симулации во учебна година | Наставниц и, СВР, пожарна, црвен крст, брза помош | Учебна 2025-26 | Поддршка од СВР, пожарна, црвен крст, брза помош сценарија | Училишен тим за безбедност, заштита и спасување | Фото/видео документи, извештаи |
| **Развојна цел 2.3** Инвестирање во подобрување на безбедносните мерки во училиштето | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализато ри** | **Временск а рамка за имплемен тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализациј а на активности те** | **Инструмен ти/извори на информац ии за следење на индикатор ите** |
| Изработка на План за заштита и спасување за Централна зграда | Изработен план за заштита и спасување | Фирма изведувач | Учебна 2025-26 | Документи од училиште, финансиски | Директор, училишен тим за заштита и спасување | документи |
| Набавка на ХТЗ опрема за технички персонал | Набавена опрема за работа | директор | Учебна 2025-26 | Финансиски, материјални | училишен тим за заштита и спасување | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на дополнителни хидранти за Централна зграда | Набавени 2 хидранти | Директор, фирма изведувач | 2025-2027 | Финансиски, материјални | Директор, училишен тим за заштита и спасување, стручен надзор | |
| Инсталирање громобранска инсталација во Централна зграда | Инсталиран громобран | Проектант, лиценциран изведувач | 2025-2029 | Финансиски, материјални | Директор, училишен тим за заштита и спасување, стручен надзор | |
| Контролирани влезови (електронски пристап) | Инсталирани 3 контролни точки | Директор, ИТ одговорен | 2025-2029 | Финансии, ИТ систем | Училишна комисија | Контролен систем, евиденција |

| **Стратешка цел 3**. Подобрување на условите за работа на училиштето | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1** Изградба на спортско игралиште во Централна зграда | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| подготовка на теренот – асвалтирање на игралиште во училишниот двор | Успешно реализирање на предвидените фази и добивање на спортско игралиште | Општина Охрид – сектор за образование фирма изведувач | 2025-2029 | Човечки, финансиски, материјални | Училишна управа | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| хоризонтално обележување и поставување на стативи и кошеви | Успешно реализирање на предвидените фази и добивање на спортско игралиште | Општина Охрид – сектор за образование фирма изведувач | 2025-2029 | Човечки, финансиски, материјални | Комисија за јавни набавки | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| Заградување и осветлување на игралиштето | Успешно реализирање на предвидените фази и добивање | Општина Охрид – сектор за образование | 2025-2029 | Човечки, финансиски, | Училишна комисија | Директор, техничка служба, претставници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на спортско игралиште | фирма изведувач | | материјални | | од сектор за образование |
| **Развојна цел 3.2** Зголемена енергетска ефикасност во училишната зграда во Лескајца | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Поставување на нова ПВЦ дограма во ходниците и во внатрешноста на училиштето | Поставена целосно ПВЦ дограма во училиштето | Фирма изведувач | 2025-2027 | Човечки, материјални и финансиски | Стручен надзор | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| Поставување топлотни пумпи како надополнување на системот за греење, замена на дел од грејните тела – радијаторите | дополнителен, поекономичен и пофункционален систем за греење | Фирма изведувач | 2025-2027 | Човечки, материјални и финансиски | Стручен надзор | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| Поставување на нова термо – изолирана фасада на надворешноста на училиштето | Поставена на нова енергетско – ефикасна и естетска фасада | Фирма изведувач | 2025-2027 | Човечки, материјални и финансиски | Училишна комисија | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| Поставување на термоизолација на кров | Поставена дополнителна изолација на кров | Фирма изведувач | 2025-2027 | Човечки, материјални и финансиски | Училишна комисија | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| Изградба на дренажа околу западната и | Изградена дренажа околу училишната зграда | Фирма изведувач | 2025-2027 | Човечки, материјални и | Училишна комисија | Директор, техничка служба, претставници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дел од јужната страна на училишната зграда | | | | финанс иски | | од сектор за образование |
| Поставување на термо – изолационен под и термо покрив во училишната спортска сала | Поставен термо – изолационен под и термо покрив во училишната спортска сала | Фирма изведува ч | 2025-2027 | Човечки , материј ални и финанс иски | Училишна комисија | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| Покривање на подот со нова подлога од линолеум во ходниците и училниците | Покриен подот со нова подлога од линолеум во ходниците и училниците | Фирма изведува ч | 2025-2027 | Човечки , материј ални и финанс иски | Училишна комисија | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| Замена на вратите по училниците | Целосно заменети врати по училници | Фирма изведува ч | 2025-2027 | Човечки , финанс иски, материј ални | Стручен надзор | Директор,тех ничка служба, претставници од сектор за образование |

| **Развојна цел 3.3** Зголемена енергетска ефикасност во Централна училишна зграда | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активност ите** | **Временска рамка за имплемент ација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализац ија на активнос тите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите** |
| Поставување на нова ПВЦ дограма во ходниците на горниот кат | Поставена целосно ПВЦ дограма во училиштето | Фирма изведувач | Учебна 2025-26 | Човечки, финансиски, материјални | Стручен надзор | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |
| Поставување на ламинат и линолеум по училници и работни простории | Целосно променат под во училници и работни простории | Фирма изведувач | Учебна 2025-26 | Човечки, финансиски, материјални | Стручен надзор | Директор, техничка служба, претставници од сектор за образование |

| **Развојна цел 3.4  Реконструкција на наставничка канцеларија во Централна зграда** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализацијата на активностите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите** |
| Поставување на нов инвентар – столици, маси, витрини, завеси | Целосно уредена наставничка канцеларија | Збратимено училиште од Болу- Турција | Учебна 2025-26 | Човечки, финансиски, материјални | директор | Директор, техничка служба, |

| **Стратешка цел 4:** Да се обезбеди целосен партнерски однос и отворена соработка со сите чинители во училиштето и надвор од него | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 4.1** Училиштето да воведува активни механизми преку Совет на родители за нивна активна вклученост во работата на училиштето | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| - Планирање и спроведување на најмалку 2 редовни состаноци на Советот на родители годишно, со однапред доставен дневен ред и записник. | Одржани најмалку 2 состаноци годишно.<br><br>Составен и доставен дневен ред пред секој состанок.<br><br>Записници од состаноците достапни и архивирани. | Директор<br><br>Претседател на Советот на родители | Континуирано, секоја учебна година | Просторија за состаноци<br><br>Копир материјали за дневен ред и записници<br><br>Комуникациски алатки (мејл, телефон) | Стручна служба (педагог, психолог)<br><br>Директор | Записници од состаноци<br><br>Листи на присутни членови<br><br>Електронски и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | печатени документи |
| - Вклучување на претставници од Советот на родители во планирање и организација на најмалку 2 училишни активности годишно (на пример: хуманитарна акција, едукативни работилници). | Советот на родители активно учествува во планирање и реализација на најмалку 2 активности.<br>Прифатен и реализиран план за училишни активности со учество на родителите.<br>Позитивна оценка од учесници и организатори по завршување на активностите. | Наставници<br><br>Претставници од Советот на родители<br><br>Стручна служба | Континуирано, секоја учебна година | Логистичка поддршка (простори, материјали)<br><br>Финансиски средства за материјали и активности<br><br>Комуникациски средства | Директор<br><br>Совет на родители<br><br>Тимови во училиштето | Извештаи од активности<br><br>Фотографии и документи од настаните |
| **Развојна цел 4.2** Вклучување на учениците во планирањето на активностите и донесувањето одлуки во училиштето | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Организирање и редовно одржување на состаноци на ученичкиот парламент со јасно дефиниран дневен ред. | Одржани најмалку 4 состаноци годишно; документиран дневен ред и записници | Наставници задолжени за работа со ученички парламент<br><br>претставници на ученици | Континуирано во текот на учебната година | Просторија за состаноци, материјали за записници | Стручна служба | Записници од состаноци, список на присутни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Поттикнување и поддршка на ученички иницијативи за организирање училишни настани (еколошки акции, хуманитарни активности). | Реализирани најмалку 2 ученички иницијативи годишно | Ученички парламент, наставници | Континуирано во текот на учебната година | Материјали, простории, | Стручна служба | Извештаи и фотографии од настаните |
| **Развојна цел 4.3** Активна соработка со невладин и бизнис сектор за вклучување во проекти кои би обезбедиле осовременување на наставата | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Комуникација преку телефон и мејл со локални НВО и бизнис организации за идентификација на можности за соработка. | Остварени најмалку два контакти годишно; добиени понуди или идеи за проекти | Комисија за соработка со институции на локално, државно и меѓународно ниво | Континуирано во текот на учебната година | Комуникациски средства | Директор<br><br>наставник-ментор | Мејлови, повици, извештаи |
| Самостојно аплицирање на проекти до НВО и бизнис организации за обезбедување поддршка и ресурси за осовременување на наставата. | Поднесени најмалку две проектни апликации годишно; добиена финансиска или материјална поддршка | Сите наставници вклучени во образовниот процес | Континуирано во текот на учебната година | Компјутер, интернет, документација за апликации | Директор<br><br>Наставник-ментор | Копии од апликации, извештаи за добиени средства и материјали |

## 7. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Џемал Мехмед- директор
2. Наташа Илоска – стручен соработник – специјален едукатор
3. Резарта Лога – стручен соработник – педагог
4. Марија Пупиноска Гогова – наставник ментор – информатика на македонски н.ј.
5. Лизана Зиба – наставник по информатика на албански н.ј.
6. Фахрије Реџеп – одделенски наставник на турски н.ј.
7. Сезен Таип – наставник по математика на турски н.ј.
8. Флутурим Бајрами – одделенски наставник на албански наставен јазик
9. Ајфер Муфти - родител номиниран од Совет на родители
10. Димитар Димоски – ученик номиниран од Ученички парламент
11. Ердин Далип – номиниран претставник од локална самоуправа

Дел.бр. 01- 384/1
Од 07.07.2025

Директор: Џемал Мехмед

_________________________

Претседател на Училишен одбор:
Весна Камнарова

_______________________________